# МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА

## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

# СТАТУТ

Врз основа на Законот за Здруженија и Фондации и Законот за спорт на РМ, преставниците на Кошаркарските клубови на седницата на Собранието на Македонската Кошаркарска Федерација на ден 04.06.2016 година, усвоија измени и дополнувања врз основа на кои се донесува пречистен текст на:

# СТАТУТ
# НА МАКЕДОНСКАТА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Македонската Кошаркарска Федерација, во натамошниот текст Федерација е Здружение на граѓани што преку клубовите ги остваруваат и усогласуваат поединечните со општите и заедничките интереси на кошаркарскиот спорт во Република Македонија.
Федерацијата е деполитизирана и забранува делување на политички партии во своите редови, за постигнување на политички цели и интереси.

### Член 2

Федерацијата е самостојна во организирањето и остварувањето на целите и активностите утврдени со Статутот и други нормативни акти, остварувајќи ги правата и почитувајќи ги одговорностите согласно Уставот и Законите на Република Македонија.

### Член 3

Федерацијата ја остварува дејноста на подрачјето на Република Македонија.

### Член 4

Називот на Здружението на граѓани е **Македонска Кошаркарска Федерација**.
Скратено име е **МКФ**.

### Член 5

Седиште на Федерацијата е во Скопје, на ул. Македонија број 11-А.

### Член 6

Федерацијата има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Уставот на Република Македонија, со Закон и овој Статут, и се запишува во регистерот на Здруженија на граѓани што се води во Централен Регистар на Република Македонија.

### Член 7

Федерацијата ја застапува и преставува Претседателот, а во негово отсуство Заменик на Претседателот на Управниот одбор.

### Член 8

Федерацијата има печат во округла форма, во средината е знакот на Федерацијата, а околу него е испишан текстот:

**МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА – СКОПЈЕ**

Федерацијата има штембил со правоаголна форма, со следниот текст:

**МАКЕДОНСКА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**БР.________ од__________20___год. Скопје**

Текстот на печатот и штембилот на Федерацијата се напишани со кирилично писмо.

**Член 9**

Членките на Федерацијата имаат печат и штембил, а покрај името на Федерацијата стои и името на членката.

**Член 10**

Федерацијата има знак што се состои од **црвена кошаркарска топка, со знаме на Република Македонија во форма на кошаркарската топка, во средината, а во долниот десен дел е испишано МКФ.**
Знамето на Федерацијата е правоаголно, на бела основа, со димензии 2х1 со знак на Федерацијата во средината.

**Член 11**

Федерацијата е член на Меѓународната Кошаркарска Федерација – ФИБА, со сите права и обврски.
Федерацијата е член на Македонскиот Олимписки Комитет, со сопствена Одлука.

**Член 12**

Членки на Федерацијата се сите кошаркарски клубови со Решение од Агенција за млади и спорт на РМ за вршење дејност спорт, запишани во Централниот Регистар на РМ.
Членки на Собранието на Федерацијата, се:

- Преставниците на клубовите што активно, во континуитет од најмалку две натпреварувачки сезони учествуваат во една од сениорските лиги на МКФ, преставникот на Здружението на клубови од младински лиги,
- Преставникот на Асоцијација на кошаркарски тренери, преставникот на Асоцијација на кошаркарски ветерани, преставникот на Асоцијација на кошаркарски судии и делегати, преставникот на Асоцијација на статистичари и преставникот на Асоцијација на активни кошаркари, или преставник на вакви струкови граѓански Здруженија со кои МКФ има потпишано Договор за присоединување.

## II. ДЕЈНОСТ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 13**

Во остварувањето на утврдените задачи од заеднички интерес, Федерацијата дејствува со активностите:

13.1 Остварување на Програмската ориентиација за развојот на кошаркарскиот спорт во Република Македонија,

13.2 Создавање организациски, материјални, стручни и кадровски услови за унапредување на кошаркарскиот спорт во Република Македонија,

13.3 Утврдување и спроведување натпреварувачки систем на кошаркарски натпревари во Република Македонија, во сите натпреварувачки категории,

13.4 Координирање на активностите на клубовите и стручните облици на организирање, Асоцијациите или Здруженијата,

13.5 Помагање на активностите за популаризација на кошаркарскиот спорт,
13.6 Утврдување соработка со спортските и други организации во Република Македонија,
13.7 Остварување меѓународна соработка,
13.8 Организирање маркетинг служба, за обезбедување материјални и финансиски средства потребни за напредок на кошарката и Федерацијата,
13.9 Организира натпреварувања на Федерацијата во интерес на кошарката ги одредува правилата, назначува пропозициите и начинот на натпреварување.

**Член 14**

За спроведување на утврдените дејности, Федерацијата ќе се ангажира со:
14.1 Создавање материјални услови за школување и усовршување на стручни кадри,
14.2 Давање на организациска и стручна помош на членките на Федерацијата,
14.3 Грижа за единствена примена на прописите и правилата на кошаркарската игра,
14.4 Јавност во работата,
14.5 Обезбедување на здравствен надзор над спортистите, и примена на достигнувањата на спортската медицина.

**Член 15**

Федерацијата самостојно или заедно со други органи, организации или заедници обезбедува услови за развој на научно истражувачката, стручната, пропагандната, информативната и издавачката дејност во областа на кошаркарскиот спорт.

**Член 16**

Федерацијата организира кошаркарски натпревари во Република Македонија, со цел да ја популаризира кошарката.

**Член 17**

Во остварувањето на програмите на Федерацијата, членките и стручните облици на организирање, непосредно или преку преставниците во Федерацијата ги имаат следните права и обврски:
17.1 Слободно и рамноправно да учествуваат во заеднички утврдените цели на Федерацијата
17.2 Да избираат, и бидат избрани во органите и телата на Федерацијата,
17.3 За работата на органите и работните тела Федерацијата ги известува членките, по нивно барање,
17.4 Да даваат иницијатива поднесуваат предлози за усовршување на кошаркарскиот спорт во Република Македонија,
17.5 Да ги спроведуваат законските и другите обврски од овој Статут,
17.6 Да ги спроведуваат заклучоците и одлуките на органите и работните тела на Федерацијата,
17.7 Да присуствуваат и учествуваат онаму каде што се дел, во работата на органите и телата на Федерацијата.

## III. УПРАВУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 18**

Федерацијата обезбедува еднакви права, обврски и одговорности на членките.
Федерацијата има органи, тела и стручни облици на организирање составени од преставници на членките на Федерацијата.

**Член 19**

Преставниците на членките на Федерацијата во органите и телата се избираат за време од **четири (4) години**, со можност за измена на членовите-преставниците на лигите (Здруженијата) пред секоја натпреварувачка сезона се додека мандатот на преставниците не е отповикан од органот чиј што преставник е.

**Член 20**

Во остварувањето на функцијата преставникот ги има следните права и обврски:

20.1 Да присуствува на седниците на органите и телата каде е избран, да учествува во работата и да одлучува по сите прашања што се на Дневниот ред,

20.2 Навремено, заедно со останатите членови на органот или телото, да биде известен за одржувањето и Дневниот ред,

20.3 Да поставува предлози, за усовршување на нормативните акти на Федерацијата,

20.4 Да добие одговор на поставените прашања за работата на органите и телата на Федерацијата,

20.5 Да го известува клубот (Здружението) што го застапува за донесените одлуки, најдоцна до одржување на следната седница на органот или телото на Федерацијата,

20.6 Да ги извршува задачите што му ги доверила Федерацијата, или некој од телата чиј член е,

20.7 Да одлучува почитувајќи ги ставовите и насоките на Федерацијата, почитувајќи ги актите на Федерацијата и законите на Република Македонија,

20.8 За работата одговара пред органите и телата на Федерацијата.

**Член 21**

Членките на Федерацијата се организираат преку клубовите и стручните облици на организирање.

**Член 22**

Во рамките на Федерацијата, клубовите може да формираат Здруженија на клубови, од Прва, Втора и Трета лига, во сениорски конкуренции и Здружение на клубови од младинските лиги, заради остварување на своите права и интереси.

Здруженијата на клубовите од став 1 на овој член, имаат посебна сметка, а потписници се Комесарот за соодветното натпреварување и Претседателите на соодветните Здруженија.

Претседателите на Здруженијата, по автоматизам, се членови на Управниот одбор на Федерацијата, со право на глас, се до нивното отповикување од страна на Здружението што го преставуваат.

Здруженијата на клубовите од став 1 на овој член до Федерацијата доставуваат предлози за утврдување на системот на натпревари, избор на спонзор на лигата, правата за пренос на натпреварите и други прашања поврзани со одржувањето на највисокиот степен на натпревари во сениорска конкуренција.

Федерацијата преку своите надлежни органи може да пренесе права на Здруженијата на клубовите од став 1 на овој член за организирање и спроведување на системот на натпреварување. За пренесување на овие права покрај соодветна одлука ќе биде направен и договор помеѓу Федерацијата и Здруженијата на клубовите од став 1 на овој член со кој ќе се дефинираат правата и обврските на двете страни и времетраењето на договорот.

Федерацијата обезбедува просторни и други услови за работа на Здруженијата на клубовите од ставот 1 на овој член.

Здруженијата на клубовите од став 1 на овој член потпишат Договор за присоединување кон Федерацијата со кои се дефинираат меѓусебните права и обврски.

**Член 23**

Кошаркарските клубови се Здруженија на доброволно здружени граѓани, Акционерски друштва  или Трговски друштва за задоволување на личните и општите потреби и интереси во кошаркарскиот спорт.

**Член 24**

Кошаркарските клубови се формираат во согласност со Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите, Законот за спорт и овој Статут.

**Член 25**

Работата и односите во клубовите се утврдуваат со Статутот, и другите акти на клубот засновани на овој Статут, законите и другите акти.

**Член 26**

Сите прашања и активности од заеднички интерес клубовите ги остваруваат во рамките на Федерацијата.

**Член 27**

Во реализација на активностите кошаркарските клубови ги имаат следниве права и обврски:

27.1 Самостојно ги утврдуваат меѓусебните односи,

27.2 Предлагаат разгледување на прашањата од заеднички интерес во органите и телата на Федерацијата, добивајќи стручна и организациска помош,

27.3 Имаат увид во работата на органите и телате на Федерацијата и стручните облици на организирање во кошаркарскиот спорт,

27.4 Покренуваат прашања на одговорност на членовите на органите и телата на Федерацијата и другите стручни облици на организирање,

27.5 Придонесуваат во остварувањето на целите и задачите на Федерацијата,

27.6 Го спроведуваат овој Статут и актите на Федерацијата, одлуките и заклучоците што произлегуваат од нив,

27.7 Учествуваат во акциите и манифестациите на Федерацијата, во соработка со други организации да придонесуваат за угледот и унапредувањето на кошаркарскиот спорт во Република Македонија,

27.8 Учествуваат во извршувањето на финансиските обврски на Федерацијата, и кон неа, каде што и самите земаат учество.

**Член 28**

Заради остварување на заедничките цели и задачи на стручен план, се организираат стручни облици на организирање, Асоцијации или Здруженија, со кои Федерацијата има потпишано Договор за присоединување.

**Член 29**

Стручните облици на организирање преку преставникот на Асоцијацијата или Здружението ги искажуваат, усогласуваат и влијаат на своите интереси, во рамките на Федерацијата, при донесувањето на општите акти и одлуки што ги донесуваат органите и телата на Федерацијата.

**Член 30**

Правата и обврските на Асоцијациите, Здруженијата и стручните облици на организирање се утврдуваат со нивни Статути, што ги опфаќаат правата, должностите и одговорностите на членовите, начин на организирање, одлучување и известување на членовите, во согласност со целите и задачите утврдени во овој Статут.

## IV. ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 31**

Органи за Федрацијата се:

**А/ СОБРАНИЕ**
**Б/ УПРАВЕН ОДБОР**
**В/ НАДЗОРЕН ОДБОР**

### А. СОБРАНИЕ

**Член 32**

Собранието е највисок орган на Федерацијата што го сочинуваат членови од:

32.1 Прва лига мажи, преставник од секој клуб,
32.2 Прва лига жени, преставник од секој клуб,
32.3 Втора лига мажи, преставник од секој клуб,
32.4 Втора лига жени, преставник од секој клуб,
32.5 Трета лига мажи, преставник од секој клуб,
32.6 Преставник на Здружението на Младински категории,
32.7 Преставник на Асоцијација или на Здружение на кошаркарски тренери, потписник на Договор за присоединување кон МКФ,
32.8 Преставник од Асоцијација или на Здружение на кошаркарски ветерани, потписник на Договор за присоединување кон МКФ,
32.9 Преставник од Асоцијација или на Здружение на активни играчи, потписник на Договор за присоединување кон МКФ,
32.10 Преставник од Асоцијација или на Здружение на кошаркарски судии и делегати, потписник на Договор за присоединување кон МКФ,
32.11 Преставник од Асоцијација или на Здружение на кошаркарски статистичари, потписник на Договор за присоединување кон МКФ.

**Член 33**

Начинот на изборот, отповикувањето и мандатот на членките на Собранието се утврдува со Статутот и Деловникот за работа на Собранието, согласно одредбите на Законот за спорт на РМ.

**Член 34**

Собранието работи на претходно закажани седници.
Собранието, одржува седница најмалку еднаш во текот на календарската година, а по потреба може да се определи и рок пократок од една година за одржување на седница.
Седница на Собранието свикува Претседателот на Федерацијата.
Собранието полноважно одлучува, кога на седницата присуствува мнозинство од присутните овластени преставници на членките со право на глас.
Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните овластени преставници на членките со право на глас.
Статутот се донесува кога за него ќе се изјаснат две третини од присутните овластени преставници на членките со право на глас.
Собранието ги донесува одлуките со јавно гласање.
Работата на Собранието се уредува со Деловник за работа.

**Член 35**

Собранието донесува заклучоци, препораки, одлуки и усвојува други акти за развојот на кошаркарскиот спорт.

**Член 36**

Вонредна седница на Собранието се свикува по предлог на Управниот одбор, Надзорниот пдбор или по писмено барање на една третина од членките на Федерацијата.
Вонредната седница на Собранието, се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.
Ако Претседателот на Федерацијата, во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог, на предлог на предлагачот за свикување седница на Собранието не свика седница, седницата ја свикува самиот предлагач.
Седниците на Собранието се јавни.

**Член 37**

Собранието донесува Деловник за работа каде што се прецизира начинот на работата и одлучувањето на Собранието.

**Член 38**

Собранието ги врши следните работи:

38.1 Донесува Статут, негови измени и дополненија,
38.2 Донесува среднорочни, годишни и полугодишни програми за работа и ги утврдува смерниците за развој на кошарката во Република Македонија,
38.3 Разгледува и усвојува извештаи за работа на Управниот одбор,
38.4 Донесува финансиски план, утврдува завршни сметки и извештаи за финансиското работење предвидени со законите на Република Македонија,
38.5 Ги бира и ги разрешува: Претседателот на Собранието, Претседателот и членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор,
38.6 Донесува одлука за престанок на работата на Федерацијата со двотретинско мнозинство, на членките,
38.7 Донесува одлука за здружување во Асоцијации и други облици на здружување во Република Македонија и меѓународни рамки,
38.8 Донесува одлука за основање Трговско друштво за маркетиншки потреби, во согласност со законските одредби,
38.9 Донесува Регистрациски правилниик и негови измени и дополненија,

38.10 Врши други работи за што е надлежно според Законот за спорт на Република Македонија и актите на Федерацијата.

## Б. ПРЕТСЕДАТЕЛ

### Член 39

Собранието од своите редови избира Претседател на Федерацијата, одговорен пред Управниот одбор и Собранието.

Мандатот на Претседателот на Федерацијата трае четири (4) години и се бира со јавно гласање.

Претседателот може да биде избран најмногу два мандати последователно и истиот може повторно да биде избран по истекот на временскиот период од првиот мандат.

Доколку во моментот на престанување на мандатот на Претседателот, сметката на Федерацијата е блокирана најмалку 30 дена, истиот неможе повторно да биде избран за Претседател.

Претседателот на Федерацијата се избира со мнозинство гласови од присутните овластени преставници на членките со право на глас.

### Член 40

Претседателот на Федерацијата ги врши следните работи:

40.1 Ја застапува Федерацијата во земјата и странство,
40.2 Ги свикува седниците на Собранието и Управниот одбор и раководи со нив,
40.3 Го предлага составот на Управниот одбор,
40.4 Потписник е на актите донесени на Собранието и Управниот одбор,
40.5 Става вето на актите донесени од страна на Управниот одбор и телата на Федерацијата, ако се во спротивност со одредбите на овој Статут,
40.6 Се грижи за извршување на одлуките, програмите, заклучоците и ставовите донесени од Собранието и Управниот одбор,
40.7 Се грижи за остварување на Програмата за работа,
40.8 Врши други работи предвидени со овој Статут и другите нормативни акти на Федерацијата.

## В. УПРАВЕН ОДБОР

### Член 41

Управниот одбор е извшен орган на Собранието, составен до 19 членови со еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Федерацијата, одговорен истовремено пред Собранието. Бројот на членовите на Управниот одбор е секогаш непарен.

### Член 42

Управниот одбор е составен од:

- Претседателот на Собранието на МКФ, што воедно е Претседател на Управниот одбор,
- Заменик на Претседателот, кој го заменува Претседателот во случаи опфатени со Статутот и други акти на МКФ,
- Потпретседател на Федерацијата, кој е задолжен и одговорен за надзор на функционирањето на сениорските лиги и директна комуникација на Канцеларијата на Здружението на клубови во сениорски лиги и Управниот одбор на МКФ,
- По автоматизам, Преставници на Здруженијата на сениорски лиги од тековната натпреварувачка сезона, согласно Договорот за присоединување,

- По автоматизам, Преставникот на Здружението на клубови од младински лиги, согласно Договорот за присоединување,
- Менаџерски тим, избран на предлог на Претседателот на Собранието на МКФ, што обезбедува средства за репрезентативните селекции и други проекти на Федерацијата,
- Бројот и составот на менаџерскиот тим е на предлог на Претседателот на МКФ, а може да се менува на предлог на Претседателот на седниците на Управниот одбор.

**Член 43**

Управниот одбор ги врши следните работи:

43.1 Спроведува и извршува одлуки, заклучоци и ставови на Собранието,
43.2 Утврдува нормативни акти, програми, планови и други материјали,
43.3 Донесува акти за извршување на прописите и општите акти на Собранието,
43.4 Донесува план за работа за извршување на Програмата за работа на Собранието,
43.5 Во рамките на политиката која ја утврдило Собранието ја следи и проучува состојбата и проблемите во кошаркарскиот спорт и предлага мерки и активности за унапредување и популаризација на кошаркарскиот спорт,
43.6 Формира свои помошни работни тела, и именува претседатели и членови на истите, насочувајќи ја нивната работа, Асоцијации или потпишува договори со здруженија од таков облик на структурно организирање,
43.7 Ги именува Комесарите за натпреварување во сениорска и младинска конкуренција,
43.8 Усвојува календар за секоја натпреварувачка сезона,
43.9 Го утврдува и спроведува системот на натпреварување во сениорска, младинска конкуренција и куп натпревари во Република Македонија,
43.10 Предлага и врши избор на преставници на Федерацијата во спортски органи и организации,
43.11 Одлучува за пофалби, јавни признанија и други награди во рамките на Федерацијата и спортот воопшто,
43.12 Предлага годишен финансов план, ја усвојува завршната сметка и се грижи за нивно извршување,
43.13 Ги именува потписниците на финансиските и други документи,
43.14 Разгледува и усвојува Програми за работа и извештаи за работа на своите органи и работни тела,
43.15 Поднесува извештај до Собранието за својата работа и за работата на органите на Федерацијата,
43.16 Организира настани и репрезентативни натпревари, со цел да се популаризира кошаркарскиот спорт во Република Македонија,
43.17 На предлог на Судиската комисија утврдува листа на судии за водење на натпреварите од надлежност на Федерацијата,
43.18 На предлог на Комесарите за натпреварување утврдува листа на делегати, консенсуално со Судиската комисија за нејзините потреби, за системот на натпреварите од надлежност на Федерацијата,
43.19 Го именува Генералниот Секретар на Федерацијата,
43.20 Пропишува услови носејќи одговорност за регуларноста на натпреварувањата од надлежност на Федерацијата,
43.21 Именува стручни штабови на државните репрезентации,
43.22 Ги толкува општите акти на Федерацијата,
43.23 Донесува Деловник за работа,
43.24 Предлага Регистрациски Правилник,

43.25 Донесува Правилник и Пропозиции за натпреварување во организација на Федерацијата на предлог на Комесарите за натпреварување во сениорски и младински лиги,
43.26 Донесува Дисциплински правилник.
43.27 Донесува Правилник за систематизација на работни места,
43.28 Презема мерки во случај на нарушување на угледот на кошаркарскиот спорт и Федерацијата,
43.29 Врши и други работи од своја надлежност, пропишани со овој Статут, Законот за спорт и воопшто законите на Република Македонија,
43.30 Го именува Спортскиот Директор на МКФ.

**Член 44**

Управниот одбор се состанува по потреба, седниците имаат правна важност на одлучување доколку е присутно мнозинство од составот на Управниот одбор, а притоа одлуките се донесени со мнозинство од присутните членови.

**Член 45**

Седниците на Управниот одбор ги свикува Претседателот и раководи со нив. Во случај на отсуство на Претседателот на Федерацијата, седницата ја води Заменикот или Потпретседателот на Управниот одбор.
На седниците може да присуствуваат и гости, поканети по писмен пат.

**Член 46**

Во вршење на своите права и должности, Управниот одбор донесува одлуки, решенија, упатства, насоки и заклучоци.

**Член 47**

Мандатот на членовите на Управниот одбор е четири (4) години.
Управниот одбор од своите редови избира Заменик на Претседателот и Потпретседател, што во отсуство на Претседателот по тој редослед го менуваат.
Мандатот на преставниците на здруженијата трае една (1) натпреварувачка сезона, до нивната замена од соодветното здружение, по писмен пат.

## Г. КОМИСИЈА ЗА ИТНОСТ

**Член 48**

Комисијата за итност ги извршува сите работи кои бараат итно решавање меѓу два состанока на Управниот одбор.

Комисијата за итност ја сочинуваат, во зависност од случајот, три члена. Претседателот, Заменикот и еден член на Управниот Одбор, што е прописно избран од страна на Претседателот според неговата достапност и независност (да нема конфликт на интереси).

Во случај Претседателот или Заменикот на Претседателот да имаат конфликт на интереси за некој предмет, мора да се воздржат и да го информираат членот со најдолго искуство од Управниот одбор, што со своето назначување ќе дејствува како Претседавач на Комисијата за итност на истиот принцип како и Претседателот.

Претседавачот свикува и претседава со состаноците на Комисијата за итност. Комисијата за итност може да ја донесе својата Одлука или преку одржување на состанок или со допис преку писмо, факс, или електронска пошта.

Сите Одлуки донесени од Комисијата за итност ќе имаат правно дејство веднаш, а задолжително да бидат потврдени од Управниот одбор на следниот состанок.

Генералниот Секретар е одговорен за административната работа во однос на Комисијата за итност и назначува лице за водење записник. Записникот треба да биде одобрен од Претседавачот на Комисијата за итност и доставен до сите членови на Управниот одбор со материјалите за следната седница на Управниот одбор.

## Д. НАДЗОРЕН ОДБОР

### Член 49

Надзорниот одбор е составен од три (3) члена.
Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат Претседател, писмено известувајќи го Управниот одбор и Собранието.
Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири (4) години.

### Член 50

Надзорниот одбор врши контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за наменското користење и располагање на средствата на Федерацијата.
Наодите и одлуките на Надзорниот одбор се доставуваат до Собранието на Федерацијата.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 51

Работата на Федерацијата е јавна. Јавноста на работата на Федерацијата се остварува преку:

51.1 Навремено доставување на материјали за расправа на претставниците на членките на Федерацијата и други заинтересирани органи, организации и асоцијации.

52.2 Навремена достава на материјали за расправа на средствата за јавно информирање, без право на учество во расправата, во случај да се повикани како гости на седницата.

53.3 Подготвување билтени.

### Член 52

Претседателите на органите и телата на Федерацијата им ги ставаат на располагање на средствата за јавно информирање одлуките донесени на седниците, по нивно барање.

## VI. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

### Член 53

Федерацијата соработува со националните кошаркарски федерации, членки на ФИБА. Федерацијата донесува одлуки за учество на репрезентациите и екипи во меѓународни натпреварувања, во согласност со Календарот и системот на натпреварувања предвиден од ФИБА

Федерацијата покренува иницијатива за кандидатура за организација на меѓународни натпреварувања, од календарот на ФИБА, а во соработка со други национални кошаркарски федерации, членки на ФИБА, и за регионални натпреварувања.

## VII. КОШАРКАРСКИ РЕПРЕЗЕНТАЦИИ

### Член 54

Репрезентативните селекции на Федерацијата го преставуваат кошаркарскиот спорт на Република Македонија, на натпреварите во земјата и странство.

### Член 55

Составувањето на Стручниот штаб и подготвувањето на репрезентациите е право и обврска на Федерацијата, по препорака на стручните тела на Федерацијата (Стручен совет, координиран од спортскиот директор на Федерацијата).
Бојата на опремата на репрезентациите да ги има националните обележја.
Обврската на повиканите играчи за учество во Репрезентациите е да се вклучат во работата предвидена според календарот за активности и настап на натпревари од ФИБА календарот, без разлика дали играат за странски клуб или во Република Македонија, предвидени со правилата на ФИБА за настап на кошаркарите во репрезентативните селекции.

### Член 56

Репрезентациите на Федерацијата може да настапуваат на меѓународни средби, единствено со согласност и организација на Управниот одбор на Федерацијата.

### Член 57

За постигнатите успеси, по проценка на Управниот одбор, членовите на репрезентативните селекции можат да бидат наградени од страна на Федерацијата.

## VIII. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

### Член 58

За реализација на дејностите, целите и задачите, Федерацијата обезбедува средства што ги користи под услови и на начин утврден со Закон, овој Статут и општите акти на Федерацијата.
Средствата за вршење на дејноста, Федерацијата ги обезбедува од:

- Буџетот на Република Македонија,
- Прилози, донации, подароци, и други извори,
- Сопствени приходи – ПУЛ на маркетинг активности,
- Приход од организација на натпревари,
- Спонзорство на лигите во организација на Федерацијата,
- Членарини, регистрации за настап, натпреварувачки такси и прекршочни казни, во рамките на натпреварувачкиот систем на МКФ,
- Трансфер на играчи и стручни лица.

### Член 59

Федерацијата изгласува Финансиски план, годишен план на приходи и расходи.
Со финансиски план се утврдуваат и распоредуваат средствата за финансирање на активностите на Федерацијата.

Финансискиот план се донесува на првата седница на Управниот одбор во секоја календарска година.

**Член 60**

Заради надоместување на трошоците што се вршат во врска со натпреварувањето, клубовите вклучени во системот на натпреварување, уплатуваат во Федерацијата паричен надоместок (котизација).

## IX. СТРУЧНИ СЛУЖБИ

**Член 61**

Стручните, оперативните и административните работи ги извршува **Генералниот Секретар** на Федерацијата, именуван од Управниот одбор за период од четири (4) години, организирајќи и раководејќи ја стручната служба на Федерацијата.
Генералниот Секретар, со најмалку високо образование, е професионално вработен во Федерацијата, со права, обврски и одговорности што се регулираат со посебен договор.

## X. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**Член 62**

За постигнатите резултати во развојот и унапредувањето на кошаркарскиот спорт во Република Македонија, Федерацијата доделува признанија (благодарници и плакети) на спортски организации, одбори и поединци, за што изготвува посебен Правилник.

## XI. ДОНЕСУВАЊЕ АКТИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 63**

Предлогот за покренување постапка за донесување, измена или дополнување на Статутот или актите на Федерацијата, поднесува Управниот одбор или член на органите и работните тела и членките на Федерацијата, како и секоја членка на Федерацијата, во писмена форма.

Управниот одбор на Федерацијата, преку службите на канцеларијата и надлежните комисии должен е во рок од 30 дена од приемот на предлогот да донесе соодветна одлука.

Предлозите се доставуваат во писмена форма со конкретно посочување на измената (во кој член/став/алинеа, кој текст се брише, а кој текст се додава), со писмено образложение од страна на предлагачот.

За предлог измените или дополчнувањата на Статутот, Управниот одбор формира Статутарна комисија и организира јавна расправа по истите.

За предлог измените или дополнување на Регистрацискиот правилник, Управниот одбор може да побара писмено мислење од Регистрациската комисија и да организира јавна расправа по истите.

## XII. ПРЕСТАНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 64**

Федерацијата престанува да работи ако настапат причини утврдени во член 63 од Законотз Здруженија и Фондации.

**Член 65**

Во случај на престанок на работа на Федерацијата нејзиниот имот се предава на чување на Министерството, ресорната Агенција за млади и спорт при Владата на Република Македонија, се додека не биде оформена слична организација со исти цели и задачи.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 66**

Општите акти на Федерацијата утврдени со овој Статут ќе се донесат во рок од шест (6) месеци од донесувањето на Статутот.

**Член 67**

Кошаркарските клубови ќе ги усогласат своите статути и општи акти со одредбите на овој Статут во рок од шест (6) месеци од денот на неговото донесување.

**Член 68**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како за неговото донесување. Измени и дополнувања на овој Статут се вршат само на седници на Собранието на Федерацијата.

**Член 69**

Толкувањето по одредбите на овој Статут, по прибавените мислења го дава Управниот одбор.

**Член 70**

За се што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите пропишани во Статутот на ФИБА, Статутот на Македонскиот Олимписки Комитет и Меѓународниот Олимписки Комитет.

**Член 71**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување на Собранието одржано на ден 04.06.2016 година.

Скопје, 04.06.2016

Македонска Кошаркарска Федерација

Претседател

**Петар Наумоски**